**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА -ШТИП**

**Општинско основно училиште**
**"ГоцеДелчев"Штип**

**Tel: 032 380 417   Fax: 380 433**
**E -mail :** ou_goce_delcev_stip@yahoo.com

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ЗА УЧЕБНАТА 2014/2015 г

**Јануари 2015 година**

# Полугодишен извештај за работата на ООУ ,,Гоце Делчев“ во текот на учебната 2014/15 согласно програмските приоритети и цели

Општинското основно училиште "Гоце Делчев" работи и наставно – воспитниот процес се реализира според наставен план и Програма донесена од Министерството за образование и наука на Р.Македонија.Училиштето изготвува и донесува своја Годишна програма за работа во која се вклучени приоритните подрачја на дејствување, дефинирани се цели и планирани се и програмирани активности и задачи кои ќе се реализираат во текот на учебната година.

Општинското основно училиште "Гоце Делчев" работи како централно училиште со две подрачни училишта со **39** паралелки (16 паралелки во одделенска, 13 паралелки во предметна), во централното училиште. Во ПОУ во нас. Три Чешми 5 парлелки одделенска и 4 парлелки предметна и 1 комбинирана паралелка одделенска настава во подрачното училиште во с.Шашаварлија.).

На почетокот на учебната 2014/2015 година во воспитно – образовниот процес беа вклучени **688** ученика. Резултатите од статистичките извештаи на полугодието од учебната 2014/2015 го покажуваат следново:

| **Почеток на учебна 2014/2015** | | **На полугодието на учебната 2014/2015** | |
|---|---|---|---|
| Централно училиште | **601** | Централно училиште | **604** |
| ПОУ во нас.Три Чешми | **78** | ПОУ во нас.Три Чешми | **78** |
| ПОУ.во с.Шашаварлија | **9** | ПОУ.во с.Шашаварлија | **9** |
| **Вкупно :** | **688** | | **691** |

Од направената анализа може да се заклучи дека бројот на ученици во нашето училиште е намален поради заминување во странство.

**Статистичката анализа покажа дека ова полугодие средниот успех на ниво на училиште е 3.97 (3.72).**

Подрачја на промени и приоритети кои се развојни, стратешки вклучени во Годишната програма за работа за 2014/2015 се следниве:

1. **Поголем опфат на ученици кои според реонизацијата припаѓаат во нашето училиште;**
2. **Следење на редовноста на учениците со анализа на причините за нивното отсуство и превземање на конкретни активности за подобрување на редовноста.**

Од овие идентификувани приоритети, кои се како резултат од самоевалуацијата и развојниот план се произлезени и дефинирани две цели кои се развојни и стратешки и се во согласност со Развојниот план на училиштето.

Имплементацијата на планираните активности и задачи за постигнување на целите е во зависност и од самата природа на потребите дефинирани во целите од двата приоритета кои се наша стратешка определба и политика на работење во наредните години

## *ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ И ПРИОРИТЕТИ ВО УЧЕБНАТА 2014/2015*

***Поголем опфат на ученици кои според реонизацијата припаѓаат во нашето училиште.***

***Систематско следење на редовноста на учениците со анализа на причините за отсуство од наставата(оправдано и неоправдано) со навремено преземање на конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста***

## ПРИОРИТЕТ БР.1: *Поголем опфат на ученици кои според реонизацијата припаѓаат во нашето училиште.*

**Цел: Преземање на конкретни активности за поголем опфат на ученици кои според реонизацијата припаѓаат на нашето училиште**

| Година 2013/14-2016/17 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача** | **Активност** | **Временска рамка (месец)** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **инструменти** | **Очекувани резултати** | **Следење Одговорно лице** |
| Да се преземат активности за почитување на реонизацијата и да се разгледат начини за мотивирање на родителите да ги запишуваат своите деца во нашето училиште со претходно разработен план за презентација на училиштето.<br><br>Да се преземат активности за почитување на реонизацијата и да се разгледат начини за мотивирање на родителите да ги запишуваат своите | Формирање на тимови за презентација на училиштето.<br>Писмено барање на директорот до МВР навреме да се достави списокот со бројот на ученици кои според реонизацијата треба да се запишат во нашето училиште.<br>Анализа на добиените списоци на ученици кои треба да се запишат во прво одд.<br><br>Писмено барање на директорот до Општински просветен инспектор,Државен просветен инспектор, градоначалникот и Советот на општина Штип да се почитува реонизацијата. | Во текот на сите учебни години<br><br>Во текот на сите месеци<br><br>Во текот на сите учебни години<br><br>Во текот на сите месеци | Директор<br>Помошник на директорот<br>Педагошко-психолошка служба<br>Наставници<br>Совет на родители<br>Училишен одбор<br>Правник<br><br>Директор<br>Помошник на директорот<br>Педагошко-психолошка служба<br>Наставници<br>Совет на родители<br>Училишен одбор<br>Правник | Во соработка со:<br>● Локална самоуправа<br>● МВР<br>● Надворешни соработници (медијатори)<br>● Наставници од градинки<br>● Родители и ученици<br>● Пратеници<br><br>Во соработка со:<br>● Локална самоуправа<br>● МВР<br>● Надворешни соработници (медијатори) | Реонизација<br><br>Списоци од МВР со имиња на ученици за 1 одд.<br><br>Повратни информации со записници и извештаи од состаноци со наведените соработници<br><br>Презентации на училиштето и флаери.<br><br>Анкетни листови со родители.<br><br>Реонизација | Се очекува да се донесе законска регулатива со која ќе се обезбеди почитување на реонизацијата при упис на ученици во прво одд.<br>Се очекува да се зголеми опфатот на учениците за 5% во текот на секоја учебна година во наредните 4 години што значи 20% поголем опфат до крајот на овој развоен план.<br><br>Се очекува да се донесе законска регулатива со која ќе се обезбеди почитување на реонизацијата при упис на ученици во прво одд.<br>Се очекува да се зголеми опфатот на учениците за 5% во текот на секоја | Директор |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| деца во нашето училиште со претходно разработен план за презентација на училиштето. | Разговори и барање на решение на состаноци на директори и состаноци со пратеници. Медиумска презентација на училиштето. Учество во Контактна емисија на локална телевизија со истакнати личности кои за | | | ● Наставници од градинки<br>● Родители и ученици<br>● Пратеници | Списоци од МВР со имиња на ученици за 1 одд.<br><br>Повратни информации со записници и извештаи од состаноци со наведените соработници<br><br>Презентации на училиштето и флаери.<br><br>Анкетни листови со родители. | учебна година во наредните 4 години што значи 20% поголем опфат до крајот на овој развоен план. | Директор |

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот, има изградено политика и стратегија за опфат на учениците и превзема различни активности:

- -Беше формиран тим од активот на петтите одделенија за презентација на училиштето по повод приемот на првачињата со пригодна програма за децата и нивните родители во училишниот двор кој беше проследена и од локалните медиуми.
- Според законот за основно образование родителите беа навремено известени во врска со уписот на првачињата ( реонизацијата, потребна документација и др.).
- Беше формирана трочлена комисија за запишување од стручна служба и еден одделенски наставник
- До училиштето навремено беа испратени списоците од СВР со податоци за деца од општина Штип кои треба да бидат запишани во прво одделение.За оваа учебна година на списокот имаше 592 деца.
- Комисијата направи анализа на добиените списоци и направи интерен список според дадената реонизација
- Стручните служби од училиштата имаа два состаноци на кои направија повторна анализа на списоците од СВР по што се изготвија интерни списоци за секое училиште .
- Активот на директорите на училиштата имаа состанок со општинскиот, државниот инспектор, градоначалникот и Советот на општина Штип во врска со реонизацијата односно нејзиното почитување.
- Во текот на ова полугодие имаше повеќе медиумски презентации и тоа :
  -Прием на првачињата

-Детската недела
- Донација од страна на Lions клубот по повод светскиот ден на детето
-Денот на екологијата
-Светскиот ден на учителот
-Активости од проектот “Заедничка грижа за правилен развој на учениците”
-Беше организиран отворен ден за родителите и децата на кој се презентираше училиштето а истовремено се делеа и флаери

- Работниот тим од наставници направи посета на градинките каде и таму подели флаери
- Беа изготвени прашалници за родителите на кои тие се изјаснија дали ќе го запишат нивното дете во нашето училиште.Овие прашалници беа доставени до стручните служби во градинките
- Имаше посети во домовите на идните првачиња од страна на наставниците
- Се соработуваше со надворешни лица (медијатори од НВО)
- Комисијата даваше периодични извештаи за текот на уписот до Дршжавниот инспектор

Оваа учебна година се запишаа 92 ученици од кои:
-67 од реонот на нашето училиште
-11 од други реони
-6 надвор од списокот на СВР
-7 по втор пат во прво одделение

Незапишани од реонот на нашето училиште се 108 деца од кои :
-31 иселени
-37 запишани во други училишта
-1 запишано предходната година
-15 мали
-10 променета адреса
-14 поради непочитување на уписниот рок

**<u>ПРИОРИТЕТ БР. 2</u> Следење на редовноста на учениците со анализа на причините за нивното отсуство и преземање на конкретни активности за подобрување на редовноста.**

**Цел: Систематско следење на редовноста на учениците со анализа на причините за отсуство од наставата(оправдано и неоправдано) со навремено преземање на конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста.**

| Година 2013/14-2016/17 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача** | **Активност** | **Временска рамка (месец)** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **инструменти** | **Очекувани резултати** | **Следење Одговорно лице** | **Потребен буџет** |
| Едуцирање на учениците за значењето на образованието и важноста за редовност во училиштето.<br>-Запознавање на родителите и учениците со законските регулативи во однос на отсуството на учениците и големиот број на изостаноци.<br><br>-Подигање на повисоко ниво на свеста на родителите и учениците за моќта на образованието и нивно задолжително присуство на работилницит е | -Советодавна работа со учениците на часовите на одделенската заедница.<br>-Советодавна работа со родителите на состаноците со родители и на индивидуални средби во присуство на психологот на училиштето.<br>-Реализација на едукативни работилници за родители на ученици со голем број на изостаноци.<br>-Уредно и навремено евидентирање на изостаноците и причините за нив.<br>-Навремено известување на | Во текот на сите учебни години<br><br>Во текот на сите месеци<br><br>Во текот на сите учебни години<br><br>Во текот на сите месеци | - Директор<br>-Помошник на директорот<br>-Педагошко-психолошка служба<br>-Одделенски раководители<br>-Наставници<br>-Родители и ученици<br>-Совет на родители<br>-Училишен одбор<br>-Правник<br><br>- Директор<br>-Помошник на директорот<br>-Педагошко-психолошка служба<br>-Одделенски раководители<br>-Наставници<br>-Родители и ученици<br>-Совет на родители<br>-Училишен одбор<br>-Правник | Во соработка со-Медијатори-Просветен инспектор ( општински и државен)<br>-Службеници од Центарот за социјална работа<br>-Правник<br>-Јавен правобранител<br><br>Во соработка со-Медијатори-Просветен инспектор (општински и државен)<br>-Службеници од Центарот за социјална работа<br>-Правник<br>-Јавен правобранител | Закон за основно образование,дневник.записници и извештаи од одржани работилници и од состаноци со родителите.Покани до родители за советодавна работа со психологот на училиштето.Записници и извештаи од Центарот за социјални грижи,од Советот на родители и Училишниот одбор.<br><br>Закон за основно образование,дневник.записници | Се очекува да се подигне на повисоко ниво свеста на родителите и на учениците за моќта на образованието и значењето на редовноста во наставата.Се очекува да се спроведат сите предвидени активности и да се намали бројот на изостаноци како неоправдани така и оправдани за 10% во текот на секоја наставна година во наредните 4 што значи за вкупно 40% во текот на овој развоен план.<br><br>Се очекува да се подигне на повисоко ниво свеста на родителите и на учениците за моќта на образованието и значењето на редовноста во наставата.Се очекува да се спроведат сите предвидени активности и да се намали бројот на изостаноци како | Директор. помошник на директорот и стучна служба. | 10.000 ден. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| организирани од страна на училиштето,а во согласност со Законот за основно образование. | родителите на учениците со поголем број на изостаноци.<br>-Информации од психолог по советувањето на родителите.<br>-Навремено известување со уредна документација за проблематични ученици до следниве институции:Овластен просветен инспектор;Државен просветен инспектор; Меѓуопштински центар за социјална работа;Јавен правобранител<br>.-Планирање на дополнителна настава за ученици со поголем број на изостаноци односно една третина од вкупниот број на часови во текот на наставната година.<br>-Изработка на записници и извештаи за сите преземени активности од | Во текот на сите учебни години<br><br>Во текот на сите месеци | - Директор<br>-Помошник на директорот<br>-Педагошко-психолошка служба<br>-Одделенски раководители<br>-Наставници<br>-Родители и ученици<br>-Совет на родители<br>-Училишен одбор<br>-Правник<br><br>- Директор<br>-Помошник на директорот<br>-Педагошко-психолошка служба<br>-Одделенски раководители<br>-Наставници<br>-Родители и ученици<br>-Совет на родители<br>-Училишен одбор<br>-Правник | Во соработка со-Медијатори-Просветен инспектор ( општински и државен)<br>-Службеници од Центарот за социјална работа<br>-Правник<br>-Јавен правобранител<br><br>Во соработка со-Медијатори-Просветен инспектор ( општински и државен)<br>-Службеници од Центарот за социјална работа<br>-Правник | и извештаи од одржани работилници и од состаноци со родителите.Покани до родители за советодавна работа со психологот на училиштето.Записници и извештаи од Центарот за социјални грижи,од Советот на родители и Училишниот одбор.<br><br>Закон за основно образование,дневник.записници и извештаи од одржани работилници и од состаноци со | неоправдани така и оправдани за 10% во текот на секоја наставна година во наредните 4 што значи за вкупно 40% во текот на овој развоен план.<br><br>Се очекува да се подигне на повисоко ниво свеста на родителите и на учениците за моќта на образованието и значењето на редовноста во наставата.Се очекува да се спроведат сите предвидени активности и да се намали бројот на изостаноци како неоправдани така и оправдани за 10% во текот на секоја наставна година во наредните 4 што значи за вкупно 40% во текот на овој развоен план. | Директор. помошник на директорот и стучна служба.<br><br>Директор. | 10.000 ден. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | страна на одд.раководител и стручната служба.-Организ ирање на полагање на одделенски испити<br><br>-Медиумска презентација на претставници од нашето училиште со претставници на организации за правата на децата и невладини организации како и Јавен правобранител. Истакнување на проблемите на Совет на родители со присуство на директор и стручна служба. | Во текот на сите учебни години<br><br>Во текот на сите месеци | | -Јавен правобранител | родителите.Пока ни до родители за советодавна работа со психологот на училиштето.Зап исници и извештаи од Центарот за социјални грижи,од Советот на родители и Училишниот одбор.<br><br>Закон за основно образование,дне вник.записници и извештаи од одржани работилници и од состаноци со родителите.Пока ни до родители за советодавна работа со психологот на училиштето.Зап исници и извештаи од Центарот за социјални грижи,од Советот на | Се очекува да се подигне на повисоко ниво свеста на родителите и на учениците за моќта на образованието и значењето на редовноста во наставата.Се очекува да се спроведат сите предвидени активности и да се намали бројот на изостаноци како неоправдани така и оправдани за 10% во текот на секоја наставна година во наредните 4 што значи за вкупно 40% во текот на овој развоен план. | помошник на директорот и стучна служба.<br><br>Директор. помошник на директорот и стучна служба. | 10.000 ден.<br><br>10.000 ден. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | родители и Училишниот одбор. | | | |

**Следење на редовноста на учениците со анализа на причините за нивното отсуство и превземање на конкретни активности за подобрување на редовност**

Училиштето систематски ја следеше редовноста на учениците(според полот и етничката припадност), ги анализираше причините за отсуство од наставата (и оправдано и неоправдано) и навреме превземаше конкретни активности што обезбедуваа подобрување на редовноста.

- Одделенските раководители според програмата на ОЖВ на часот на одделенската заедница секогаш имаа советодавна работа преку едукативни работилници
- Исто така одделенските раководители уредно и навремено ги евидентираа изостаноците и причините за истите
- Се реализираа индивидуални и групни родителски средби на кои редовно се дискутираше и делуваше советодавно
- Навремено известување и пријавување на родителите на учениците со поголем број на изостаноци до службата
- Се реализираа едукативни работилници за родители на ученици со поголем број на изостаноци од страна на психологот
- Психологот навремено даваше повратни информации до наставниците за реализираните работилници со родителите
- Исто така со уредна документација се известуваа овластениот и државниот просветен инспектор и Центарот за социјални работи
- Се реализираше дополнителна настава за учениците со поголем број на изостаноци
- Редовно се изготвуваа записници ,извештаи и ананлизи за сите превземени активности од страна на одделенските раководители и стручната служба
- Училиштето имаше соработка со НВО како и Јавниот правобранител

Во текот на првото полугоди од учебната 2014/2015 година наставно-воспитниот кадар од ООУ “Гоце Делчев “ покрај реализација на приоритетите паралелно ја реализираше наставата согласно наставните планови и програми како и вонннаставните активности од следните области :

- Слободни ученички активности и проекти
- Производствена и општествено корисна работа
- Планирани ученички екскурзии
- Одбележување на значајни датуми
- Здравствена заштита и здравствено осигурување

-Соработка со локалната средина

И оваа учебна година на почетокот како и во текот на полугодието во реализација на обуките, семинарите и активностите од проектие кои беа организирани од БРО и НВО беа вклучени повеќе наставници.Новите форми, методи на работа стекнатите знаења и вештини на последните обуки од страна на наставниците се применуваа во секојдневната организација и реализација на наставата.

Реализирани семинари, обуки, трибини и проекти од ова полугодие се:

-Семинар за наставници по ФЗО на тема “Континуирано усовршување на наставниците по Физичко образование, основа за професионално напредување III фаза”-БРО,Факултет за физичко образовани и Агенција за млади и спорт на РМ
-Семинар за наставници по граѓанско образование на тема “Антикорупција”-БРО
-Работилница за натпревари по биологија- БРО
-Обука за наставници по Англиски јазик за учебникот Pet Buster

-Трибина на тема “Насилство во училиштата”-Локална самоуправа
-Трибина по повод 60 години од формирањето на друштвото за Македонски јазик и лиотература
-Трибина на тема “Трансплантација на органи”-Локална самоуправа
-Трибина за спорт-Локална самоуправа
-Презентација за наставници и стручни соработници на тема “Ставовите и односот на одделенските и предметните наставници кон инклузивниот процес на децата со посебни образовни потреби во ООУ ” Гоце Делчев”-Штип

- Реализација на проектот **“ Зајакнување на капацитетите на идните наставници и други професионалци за работа со деца во мултиетничко општество”** -во соработка со Факултетот за образовни науки-УГД и Здружението на правата на Ромите

Реализирани активности:
-Дополнителна настава за ученици од 1 до 5 одделение еден наставен час во неделата
-Семинар за наставници-ментори
-Завршна приредба од учениците на ООУ “Гоце Делчев” во мулти-медијалниот центар при УГД.

- Реализација на проектот **“Заедничка грижа за правилно насочување на учениците”**

Во оваа учебна година во училиштето во првото полугодие беа реализирани активности од проектот ,,Заедничка грижа за правилно насочување на учениците,, кои има за цел зајакнување на врската ,,родител – ученик - наставник,, со која се овозможува јакнење на воспитно – образовниот процес во основното образование. Од планираните активности во првото полугодие од учебната година беа реализирани следниве:

-Одиме на кино
-Родителот е наставник
-Родителска отворена средба
-Еко ден
-Новогодишен базар
-Новогодишна приредба

Во рамки на активноста „Одиме на кино“, родителите- наставниците –ученици од . активот на седмите одделенија на 31.10.2014 год. во рамки на „Недела на германскиот филм“ која се одржа во нашиот град од 27 до 31 имаа можност да се дружат заедно проследувајќи еден германски детски филм “Рики“, кој беше соодветен за возраста на децата, и истиот беше прикажан во мултимедијалниот центар на УГД.
Во рамки на активноста „Родителот е наставник“ се реализирани следните предавања:

- Активот на првите одделенија на ден 17.11.2014 год (понеделник) реализираше предавање од страна на родител во својство на предавач стручен во одредена област (лекар – д-р Емилија Шпритова – специјалист по педијатрија) на тема „Едукација за здрава исхрана“**.** Предавањето се реализираше во училница на прво одделение и учениците од првите одделенија ги проширија и продлабочија знаењата за значењето на здравата исхрана (полезноста за здравјето на секој човек од нејзиното консумирање).
- Активот на првите одделенија на ден 20.11.2014 год (четврток) реализираше предавање од страна на родител во својство на предавач стручен во одредена област – екологија (Влатко Панов) на тема – „Здрава и чиста животна средина“. Предавањето се реализираше во училницата на прво одделение и учениците од првите одделенија ги проширија и продлабочија знаењата за значењето на чиста животна средина, собирање на отпад, рециклирање на пластика.

- Активот на третите одделенија на ден 20.11.2014 год. (четврток) реализираше предавање од страна на родителите Зоран Рогожарски – работник во производство, Трајче Андов - геолошки инжинер и Билјана Устичкова - конфекционер Од нивна

страна беше одржано предавање за одговорностите кои ги носи секоја професија , а говореа и за значењето на различните професии.

- Активот на вторите одделенија на ден 17.12.2014 год. реализираше предавање од страна на родителотот Лилјана Јовчева професор од СОУ „Јане Сандански" на тема – „Здрава исхрана".

- Активот на петтите одделенија на ден 17.12.2014 год. реализираше предавање од страна на родителотот наставник - Билјана Мурговска Петрова - професор од СОУ-Јане Сандански на тема – „Чисто дете - здраво дете" - пред учениците од петите одделенија.

- Активот на шестите одделенија на ден 17.12.2014 год. реализираше предавање од страна на родителотот д-р Емилија Шпритова – специјалист по педијатрија, на тема „Едукација за здрава исхрана". Предавањето се реализираше за време на часот на одделенските заедници на трите паралелки од VI одд. Излагањето на лекарот специјалист беше поткрепено со многу информации и факти за значењето на здравата исхрана, особено за децата кои се на возраст на нашите ученици. Интерактивноста меѓу докторката и учениците поттикна подигање на свеста и многубројни прашања за тоа што е здраво, а што не во нивната исхрана. Самите кажуваа свои лични примери за тоа колку внимаваат или не внимаваат при изборот на својот оброк. Ова предавање ја зајакна соработката со родителите, а кај учениците постигнавме проширување и продлабочување на нивните знаења за значењето на здравата исхрана. Истите го сметаа предавањето за корисно, интересно и забавно.На предавањето присуствуваа и педагогот и директорот на нашето училиште, кои се надоврзаа со свои мислења , совети и коментари токму за здравата исхрана организирана во училиштето, според стандардите за здрава храна. За истата и лекарот даде своја препорака колку е корисно сите ученици да ја консумираат. Исто така поттикнавме размислување и давање идеи за теми, кои во наредни предавања од други стручни родители, би биле цел на следните вакви активности.
- Активот на осмите одделенија на ден 26.11.2014 год. реализираше предавање од страна на родителотот Емил Пилатов (судија во Основен суд Штип) на тема „Малолетничка деликвенција".

- Активот на деветите одделенија на ден 27.11.2014 год. реализираше предавање од страна на родителотот Билјана Постолова-претставник од НВО„Ехо" родител на ученик од 9-2 одд. и претставник од Одделот за превенција од насилство во МВР-Штип на тема „Семејно насилство".

- На 24.11.2014 г. (понеделник), за време на часот на одделенската заедница на паралелките од VI до IX одд во подрачното училиште во нас. Три Чешми се реализираше предавање од страна на родителот Ванчо Гиновски - сообраќаец на тема „Безбедноста во сообраќајот". Целта беше зајакнување на соработката со родителите, проширување продлабочување на знаењата за значењето на безбедноста во сообраќајот во секојдневието. Бидејќи секојдневните настани побудуваат поголема претпазливост и почитување на правилата и прописите во безбедноста сметавме дека може и треба учениците да ги обноват и да ги надополнат своите знаења околу безбедноста во сообраќајот.

- На 12.12.2014г. (петок) за време на часот на одделенската заедница на паралелките од I до IX одд. во подрачното училиште во нас. Три Чешми се реализираше предавање од страна на родителот Илинка Мохамед на тема „Македонска фолклорна музика и народни иннструменти". На учениците им беше претставена фолклорната музика и

народни инструменти.

Во рамки на активноста Родителска отворена средба се реализирани следните активности:

- На 18.11.2014 г. (вторник), по завршување на родителската средба на паралелките од VI до IX одделение се реализираше отворена родителска средба. Целта на средбата е навремено запознавање на родителите со проблемите, но и истакнување на позитивните карактеристики поврзани со нивните деца.Родителските средби на одделенските раководители со родителите траеа околу 45 минути на кои беа запознаени со предвидениот дневен ред. Откако завршија, родителите беа поканети во наставничката канцеларија каде беа останатите предметни наставници. Родителите покажаа интерес да разговараат за своите ученици на прашања поврзани со евентуалните недостатоци, тековни проблеми и активности, успехот и дисциплината. Средбата резултираше со позитивен успех, бидејќи сите наставници и родители имаа можност да ги искажат своите мислења кои понатаму ќе доведат до поуспешна работа и соработка.

На 19.11.2014 г. (среда), во подрачното училиште во нас. Три Чешми во соработка на одделенските и предметните наставници од I до IX одделение со родителите на учениците се реализираше активноста Родителска отворена средба. Целта на средбата е навремено да се запознаат родителите со проблемите и позитивните карактеристики поврзани со нивните деца.

Во рамки на активноста Еко ден се реализираа следните активности:

- Активот на четвртите одделенија на 3.12.2014 год. ја реализраа активноста расадување цвеќе. Активно учество зедоа по двајца родители од активот на четврто одделение. Учество зедоа и наставниците од истиот актив.

- На 22.11.2014г. (сабота), одделенските и предметните наставници од I до IX одделение во централното и во подрачното училиште во нас. Три Чешми и по еден родител од секое одделение ја реализираа активноста Еко ден. Цел на активоста беше да има дружење на родителите со одделенските и предметните наставници, воедно да се насадат нови цвеќиња и да се пресадат веќе постоечките.

На 25.12.2014 г. (четврток), во соработка на одделенските и предметните наставници од I до IX одделение, родителите и учениците од секое одделение во центаралното и подрачното училиште во нас. Три Чешми се реализираше активноста Новогодишен базар. Новогодишниот базар овозможи да се разгледаат и да се продадат декоративните креации, со што се собраа средства кои ќе бидат наменети за набавка на материјали за реализациија на идни воннаставни активности во училиштето. Пред реализацијата на оваа активност на 22.12.2014год. (понеделник), се спроведе креативна ликовна работилницата која имаше за цел подготвување на креаци кои беа изложени и продавани на Новогодишниот базар. Цел на активоста пред се беше дружење и заедничка соработка на родители, ученици, одделенски и предметни наставници, а воедно и спроведување на настан во училиштето преку кој се изразуваат креативните способности и се реализира богатството од идеи за новогодишна декорација.

Во рамки на активноста „Новогодишна приредба“ во централното училиште истата се одржана на ден 26.12.2014 год. а во подрачното во нас. Три Чешми на 30.12.2014 год. Во неа покрај учениците, зедоа учествуво и родители во делот на поздравното обраќање (родител на ученичка од трето одд. Слаџана Манева), учество на родител (на ученик од четврто одделение, Билјана Алексова Даневска) во точката драматизација

,,Новогодишна  сказна“ и родител на ученик од петто одделение  (Лазар Наумов)  кој настапи во музичка точка, интерпретација на песната „Мајка на Марика думаше“. Приредбите беа масовно посетени од родителите, во пријатна предновогодишна атмосфера, со што уште еднаш се потврди дека соработката со родителите во нашето училиште е на високо ниво.

- **Проект за Меѓуетничка интеграција во образованието (МИО)** – реализирани активности:

-Литературна работилница по повод Ден на учителот и медиумска презентација на истата на ТВ Ирис – актив на 9 одделение во месец октомври;
-Работилница – создавање на лични творби по повод Ден на учителот – актив на 6 одделение во месец октомври;
-Посета на верски објекти и запознавање со верските обичаи – актив на 5 одделение во месец октомври;
-Мултикултурна работилница по повод Денот на градот „Мојот град Штип“ – актив на 3 одделение во месец ноември
-Еко – акција – Собирање на суви листови во училишниот двор – секција Љубители на природата во месец ноември;
-Спортска – натпреварувачка активност во одбојка – актив на 9 одделение во месец декември;
-Работилница за изработка на новогодишни честитки по повод Нова година – актив на 6 одделение;
-„Новогодишна креативна работилница“ - изработка на новогодишни честитки и украси по повод Новогодишниот базар – ликовна секција на одделенска настава во месец декември;
-реализирани по 3 часа ОЖВ на Часот на одделенска заедница на тема соодветна на проектот и меѓуетниќката интеграција во образованието – одделенски раководители од 2 до 9 одделение во текот на целото прво полугодие од учебната 2014/2015 година.
-Се реализираа два состанока со претседателите на одделенските заедници од VI – IX одделение
-Работилница на тема “Фолклор” за набљудување и евалуација

- **Меѓународен проект насловен “Размислувам, чувствувам, делувам- кутура и јазик”**
  Проектот беше реализиран во Р.Словенија – општина Рака. Во него учествуваа по едно училиште од Р.Хрватска, Р.Босна и Херцеговина, Р.Србија и Р.Македонија.Од Р.Македонија нашето училиште ООУ “Гоце Делчев” ја имаше честта да присуствува и во најдобро светло да ја претстави нашата земја, и секако нашето училиште.
  Реализирани активности во рамките на овој проект :

-Ликовна работилница
-Литературна работилница
-Јазична работилница
-Спортски активности
-Презентација на традиционалната македонска трпеза и фолклор
-Посета на хидроцентралата Кршко, замокот Рајхенбург, музејот во Кршко, Цвичковиот храм

Училиштето редовно водешеше грижа за здравјето на учениците и редовно се спроведуваа тековните систематски прегледи.
Хигиената во училиштето е на ниво на бараните стандарди.
Воспитно-образовниот процес се одвиваше со предвидената динамика.

**Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот од првото полугодие од учебната 2014/2015 година**

Основното училиште Гоце Делчев работи како централно училиште со две подрачни училишта со 39 паралелки. Со 16 паралелки во одд. настава, 13 паралелки во предметна настава во централното училиште, во ПУ во населба Три Чешми 5 паралелки во одделенска настава и 4 паралелки во предметна настава и 1 комбинирана паралелка во одделенска настава во ПУ во с. Шашаварлија.

На почетокот на учебната 2014/2015 год. во воспотно-образовниот процес беа вклучени 688(738)ученици, до првото тромесечје посетувале настава 694(718)ученици а на крајот од полугодието бројот е на 691(708).

Училиштето работи и наставно воспитниот процес се реализира според Наставниот план и Програма донесена од Министерството за образование и наука на Р.Македонија. Тоа изготвува и донесува своја Годишна програма за работа во која се вклучени приоритетните подрачја на дејствување, дефинирани се цели и се планирани и програмирани активности и задачи кои се реализираат во текот на учебната година.

Советот на одделенските и предметните наставници се одржа на 05.01.2015 год.со следниот

Дневен ред

1. Разгледување на успехот и поведението на учениците за првото полугодие од учебната 2014/2015 год.

Од направената анализа по реализираните Совети на одделенските и предметните наставници се донесени следниве заклучоци:

